Елена Стојанова

# “ БОЖИЛАК НИКОГОВ”

(Драматизација по мотиви на
романот “Божилак Никогов” од Сашко Насев)

Лица:

Авторот – 28 години

| Актери: | Во улогите на: |
| --- | --- |
| Тони - 26 години | Божилак Никогов |
| Лина -29 години | Маргарита, Мадам Реноар, Вилхелмина |
| Сашо – 35 години | Сотон Трети , Бен Демократ, Белата мома |
| Владо - 40 години | Архангел Вински, Арапот, Црната мома |
| Актерот- 50 години | Хамлет, Дон Жуан, Крале Марко |

Дејствието се случува во театар, за време на проба на претстава.

На празната сцена излегуваат  актерите Тони, Лина и Сашо.

ТОНИ:

Значи и денес сум прв. Овие неколку дена сите каснат по петнаесет минути , кога ќе се собере…Утре не доаѓам на проба!

ЛИНА:

Не си само ти прв што доаѓа на проба.

ТОНИ:

Голема работа. Заедно да си одевме, е тоа веќе ќе беше нешто… Па, по пат ќе можевме да се напиеме нешто жестоко ( И приоѓа на Лина, се обидува да ја зграпчи за половината, таа се извлекува) и ќе биде жестоко…

ЛИНА:

Само во твојата глава е жестоко. Одбиј!

САШО:

Јас мислам дека проблемот е што немаме текст. Седам дома, така синојќа, околу три часот изутрина и сфаќам дека импровизацијата не е мојата силна страна. И не можам да разберам зошто не ни е дозволено да направиме копии од драмата. Оваа мистериозна атносфера која ја обвиткува  претстава конфузно делува на мене.

ЛИНА:

Зборувај на Македонски.

САШО:

Ти пречи што зборувам на Старословенски? ( На Тони ) Со оваа ништо не можам да се разберам.

ТОНИ:

И јас исто…И викам да излеземе на пијачка, она ме прави луд.

САШО:

А знаеш дека и јас баш мислев да и  речам…Ако ништо друго можам да ја испратам до дома…

ТОНИ:

А ти ептен од околу почнуваш. Додека да ја однесеш во кревет ќе и бидеш најдобар другар и после нема да може…( ја имитира Лина) Зошто те сакам како пријател… Сега знам зошто немаш женска. Немаш однос кон  нив, тактика, стратегија…

ЛИНА:

( Стои  до него и го слуша. Сега таа него  го имитира) Треба да знаеш каде непријателот е најранлив, да го  онеспособиш нивниот одбрандбен систем. (Тони збунето ја гледа, таа се смее) Во тоа е проблемот што мислите дека меѓу мажите и жените се одвива некоја битка и дека најважно е кој прв ќе се предаде и ќе признае дека е поразен.

ТОНИ:

Да. Затоа што тој што ќе биде поразен ќе треба да ја врши целата работа.

ЛИНА:

Каква работа?

ТОНИ:

Онаа во кревет.

Доаѓаат  четворица сценски мајстори, носат две клупи. Ги местат клупите на сцена. По нив влегува и  актерот Владо.

ВЛАДО:

( На Тони) Што ме гледаш не сум еклер?

ТОНИ:

Поглупа финта не можеш да ископаш! И денес касниш!

ВЛАДО:

Не ми  е прв пат.

САШО:

Би  можел од почит кон  своите колеги, да доаѓаш на време.

ВЛАДО:

Би можел јас многу работи…Ама,  што да правам кога одам бавно, ќе излезам од дома навреме и пак каснам.

САШО:

Движи се побрзо.

ВЛАДО:

Да можам. Се имам здебелено осум кила. Еј , тоа е бројка! Знаеш колку е тешко човек да се здебели, а не па да ослабне.

ЛИНА:

( Која седи на една од клупите) Сигурно нема да ти биде потешко од стомакот што го носиш.

САШО:

Слабеењето е мит!

ВЛАДО:

Мојот стомак не е за шега. ( Го протресува стомакот) И во ова бара вложување труд.

ТОНИ:

Труд? Па, да исто како да си турден!

ВЛАДО:

( Се обидува да му удри клоца на Тони, го брка) Само ако ми паднеш во раце.

ТОНИ:

(Бегајќи) Еј, немој да трчаш може да те стегне срце, па на душа ќе треба да те носам… А не си лесен за носење.

ВЛАДО:

( Се одмара) Да ми беше пред десет години.

САШО:

Ист е како тебе пред десет години. Ги бојадисуваше кваките и рацете на сите им беа зелени.

ВЛАДО:

Тогаш бев детиште.

САШО:

Беше цело магаре.

Влегува Авторот.

ТОНИ:

Кај си ти до сега?

АВТОРОТ:

Што мислиш ти, кај бев? Туркав автобус. Изгасна на сред пат и што ќе се прави, ајде сите од позади да го подбутнеме и така туркавме три километри.

САШО:

Кога бевме на гостување во Париз, увидов каков јавен превоз имаат Европјаните, тоа е за воодушевување…Секаде одевме со метро…

ТОНИ:

И се воодушевувавте.

САШО:

Само еднаш одевме со такси.  Таксистот беше со  Алжирско потекло,  а сите улици ги знаеше на памет…

ТОНИ:

Сигурно подобро ги знаел и од Французите.

САШО:

Човек никогаш не се познава себе си дволно.

ВЛАДО:

А не знае ни од каде му е семката.

АВТОРОТ:

Пред да почнете да зборувате за ниви и расади…Ајде, да почнеме. Значи одиме со првата сцена…Драмата е тука. (Ја вади драмата од ташната ) Знам дека почетокот не ни баш најдобро разработен,  па може да се каже целиот прв дел, а веќе третиот дел ви оди многу подобро.

ТОНИ:

Не донесувај избрзани заклучоци.

САШО:

Мене сеуште не ми е јасно зошто прво почнавме со работа на третиот дел. А и зошто ние ја немаме драмата. Јас морам да работам со нешто опипливо.

ТОНИ:

Лина што викаш да те опипа тебе. Му треба нешто, а нема пипнато жена веќе година дена.

ЛИНА:

Не се глупирај.

ТОНИ:

Ти не се глупирај, пропушташ животна шанса…за мување.

АВТОРОТ:

Првата сцена се случува во парк, во некој никаков парк, како што беше нашиов пред некоја година…

ЛИНА:

Со манијаци,  што те бркаат голи сред бел ден…

ТОНИ:

Во парк само тревата е искосена, а манијаците уште се таму, само што сега се кријат меѓу поткастрени грмушки.

АВТОРОТ:

Во  близина на жабарникот, кој би требало да претставува рибник. Се слуша крекање на жаби… Крек, крек, крек. Тони, или сега веќе Божилак Никогов седи на едната клупа…( Тони седнува на клупата) Запали си цигарче…

ТОНИ:

Немам цигара.

Авторот му дава цигара. Тони  смирено пуши цигара.

ВЛАДО:

Вечен гребатор.

АВТОРОТ:

Косата ќе ти ја залижеме максимално и ќе ти нацртаме по некој пегичка на лицето и ете те Божилак  Никогов.

ТОНИ:

Кога ќе облечам едно тесно костумче, ама онака помаранџесто, со зелена кошула, како од шеесетите. Има да бидам Аспарух Калашњиков, бугарска порно ѕвезда…

АВТОРОТ:

На другата клупа седи  Лина или Маргарита, најубавата жена што си ја видел воопшто во својот краток и празен провинциски живот . Седи и чита книга.

ЛИНА:

( Од торбата вади списание) Немам книга.

АВТОРОТ:

Носи голема торба со долги нозе, рамен стомак како океан после бура и долга црна, сјајна коса како перјата на гавранот…

ВЛАДО:

Мене повеќе ми личи на искубана квачка…

САШО:

Без инциденти, ќе ве молам.

ЛИНА:

Јас и така него не го ни слушам што збори, а тебе ништо не те разбирам.

АВТОРОТ:

Значи си седите. Таа чита, ти пушиш цигара и и зјапаш меѓу нозе.

ТОНИ:

Плакнам очи.

ЛИНА:

Јас ќе носам тесно црвено фустанче, а може и црно. Не сум сигурна.

ТОНИ:

А може и ништо да не носиш и пак добро ќе ти стои.

АВТОРОТ:

Ајде доста! Значи ти упорно зјапаш, и префрлаш нога преку нога, за да она не го забележи она што го криеш меѓу нозе, а таа е задлабочена во читањето.

БОЖИЛАК:

(Кон публиката) На прв поглед за мене, Божилак Никогов може да се рече: ноженет, интелегентен, заводник со несекојдневен шарм и привлечност и со еден единствен збор – гениј на животот.

АВТОРОТ:

Влегува Сашо или Ѓаволот или Сатаната или Владетелот со подземниот свет или нашиот Сотон Трети…Само во позадна ќе имаме една зграда, на неа ќе пишува: Административна зграда на свештеничката асоцијација…

ЛИНА:

Што е тоа жити Бога?

АВТОРОТ:

Значи имаме една сексуално напната атносфера, со извесна доза на побожност…

САШО:

И јас да не носам нешто тесно и црвено?

АВТОРОТ:

Ти ќе бидеш онака облечен како провинциска пијаница, во некој сив костум, залепен за телото, носиш чадор…Имаш жолто-зелени заби и јарешка брадичка…

САШО:

Пие од нервоза, си го прави животот пекол. Може така уште не е отрезнет  и  му се лигави.

СОТОН ТРЕТИ:

Слободно ли е до вас на вашата клупа крај жабарникот?

БОЖИЛАК:

( За себе) Што се занесува овој? Ме одвраќа тука од мирисот на гаќичките на оваа убавица. За кои сум убеден  дека се бели, но сеуште не сум сигурен каква боја се крие во нив. Само Бога, во кој не верувам, да ми ја даде на една ноќ, па потоа може да ме земе  во рајот. ( На Сотон Трети) Седнете си лош човеку кога ви дошло крај жабите да си седите.

АВТОРОТ:

Божилак станува да си замине, сега го отвараш чадорот. Како да сакаш да си го заштитиш вратот и главата, од сонце…И тогаш си ја откинуваш главата и почнуваш да си го јадеш сопственото тело…За да ти остане на крај само главата.

САШО:

Си ја откинувам глава и почнува да ме јаде? Кинам една рака и си ја јадам…Мјац, мјац, мјац…. Малку е сирово.

АВТОРОТ:

Во едната рака ја држиш главата, главата ти ја јаде другата рака.

СОТОН ТРЕТИ:

Да не се исплашивте од нешто Божилак Никогов?

БОЖИЛАК:

Не, не!( за себе, кон публика) Ама, мислам дека ќе се посерам, па дури и самоубијам ако треба, само да се спасам од оваа глава.

СОТОН ТРЕТИ:

Како што може да се види нема крв.

БОЖИЛАК:

Нема крв!? ( Божилак се штипе за рака, за образ, си удира шлаканица. Кон публиката) Не сум во кома, а не ни спијам, не разбирам што е работава…

СОТОН ТРЕТИ:

Господине Божилак, вие сте новинар?

БОЖИЛАК :

Па, сум, новинар без иднина!

СОТОН ТРЕТИ:

Јас морам да ви речам дека по свое убедување за вашето пишување мислам дека е лошо, мошне лошо, што ќе рече вие сте лош новинар!

БОЖИЛАК:

Вие знете како се викам?

СОТОН ТРЕТИ:

Јас знам се! Јас сум внукот на Ѓаволот…Ако се прашуваш, дојдов на власт со врски, не ме сакаа многу, да не речам воопшто, не сум можел да изговорам р правилно…

БОЖИЛАК:

Кажи…Кој рано рани е ретардиран…

СОТОН ТРЕТИ:

А, ти сакаш да ти набијам колец во газот? Јас иако сум семоќен благодарение на мојот дедо, јас некои работи во ова конфузно време и на оваа збркана Земја не ги разбирам. Работите кои треба да ги контролирам ми се лизгаат од рацете. Затоа те молам тебе да се заложиш самиот како моја слика во природен облик и со такви навики, да го исполнуваш она што ќе го посакам. Тоа ќе биде услуга и за тебе па затоа јас не барам да ми надоместуваш, единствено ќе бидеш обвзан да и служиш на мојата идеа една година и за тоа време да не ме излажеш ниту еднаш, а на крајот на нашиот договор да дозволиш да бидеш обвинет за дела што не си ги сторил.

БОЖИЛАК:

Ништо не разбирам!

СОТОН ТРЕТИ:

Новинарче низаедно, ти не сакаш да си богат, славен и да ја поседуваш секоја убава жена?

БОЖИЛАК:

(Кон публика) Ова е сигурно халуцинација, затоа така и ќе се однесувам… (Кон Сотон Трети) Да.

СОТОН ТРЕТИ:

Штом е така ајде да се договориме…Не ме лажи цела година и дозволи да бидеш обвинет за дела што не се твои!

БОЖИЛАК:

Не би сакал да умрам..

СОТОН ТРЕТИ:

Никој не вели дека ќе умреш или дека физички ќе те повредат, покрај богатствата што ќе ти бидат пружени следните тристашеесет и пет дена вклучувајќи го и денешниот, ти ќе можеш да живееш по се само со обвинение за нешто што не си го сторил.

БОЖИЛАК:

(Кон публиката) Претпоставувам дека овој внук на Сотоната е чесен и дека оваа понуда на доверба е во ред.

СОТОН ТРЕТИ:

Кога веќе се согласуваш треба да почнеме да дејствуваме веднаш. Прво што ќе направиш е ќе отидеш и ќе ја освоиш убавицата, која седи на спротивната клупа. Немој многу да се чудиш како се ти поаѓа од рака. Ќе напредуваш и во службата, ќе заминеш на подолг пат. Само немој да се залажуваш себе си дека ова е минлива авантура, јас ќе бидам се она што е околу тебе, јас ќе те опкружувам. Нашата врска ќе бидат уредникот и неговиот доушник, Архангел Вински и Бен Демократ.

АВТОРОТ:

Тука можат да упаднат Вински и Демократ…Значи во овој случј тоа ќе бидеме Владо и јас. Упаѓаме како…

ВЛАДО:

Како сумо борачи…

ТОНИ:

Со тој стомак тангата баш добро ќе ти стои…

АВТОРОТ:

( Заедно со Владо се обидуваа да ја одглумат сцената) И јас се обидувам да го зграпчам за стомакот, а тој ме држам за глава и пие ракија…

ВЛАДО:

Ако се презивам Вински ќе треба да пијам вино.

АВОРОТ:

Паѓаш мртов пијан, јас те фаќам за нога и те одвлечкува, до еден оган, те врзувам на ражен и те вртам на оган…

ВЛАДО:

Не ми збори за месо, ми се пријаде.

СОТОН ТРЕТИ:

Затоа биди умен и држи се, под строга и блиска контрола.

АВТОРОТ:

Сотон Трети изчезнува. Ќе има чад и ќе го снема.

БОЖИЛАК:

( И приоѓа на Маргарита) Простете млада дамо, вие сте многу убава и јас би сакала да бидете моја жена. Да водам љубов со вас.( Божилак е изненаден од сопствената храброст) Да уживате со мене во сексот.

МАРГАРИТА:

Зошто сте толку сигурен дека…

АВТОРОТ:

Сега ја зграпчуваш и страсно ја бакнуваш…Она прво нешто се противи, за да на крајот и самата не знаејќи што и станало те фрли на тревата, позади грмушките, ако сте согласни може и пред грмушките…Лета облека, прслуци, се слушаат воздишки, врисоци… Можете и воздишките да ги пробате, да видиме како ќе звучи…

ТОНИ:

Аууу…Уууу…Тргни се од мене…

ВЛАДО:

Да не си премногу возбуден ?

ТОНИ:

И сум, за малку што не ме притисна со коленото меѓу нозе…( На Лина) Кога рипаш треба да гледаш на што се фрлаш.

ЛИНА:

Толку е мало, што не го видов.

АВТОРОТ:

Втората сцена е …

ТОНИ:

Една од моите омилени сцени.

АВТОРОТ:

Ни треба голем кревет, огромен…

Сценски мајстори ги изнесуваат клупите и внесуваат кревет. Додека тие работат Авторот ја споделува својата визија со екипата.

АВТОРОТ:

Креветот ќе биде полн со порнографски списанија, затоа што е сексуално загрозена личност …Може чаршафите да бидат со цвеќиња и некои слични тапети. Како пред него да живеела некоја баба у станот…На ѕидот ќе има врамено две големи слики, од Тито и од Сталин . Овој лик е комунист во душа, во срж!

ТОНИ:

( Заедно со Лина лежат на креветот) Она е одозгора?

АВТОРОТ:

Слободно изберете си поза, сега е моментот да ја покажете својата креативност… Имате неверојатен секс, цел кревет се ниша, се распаѓа, а и вие мислите дека секој момент ќе се распадне.

ВЛАДО:

Крени и ги нозете…

АВТОРОТ:

Потпри и ги нозете на рамења…

ТОНИ:

Ти не ја знаеш . Клоца како коњ.

ЛИНА:

( Го удара со ногата по муцка) Ти си коњ!

ВЛАДО:

Јас мислам дека овде има нешто…Ја знаете старана, кој се тепа тој се сака.

ТОНИ:

Старана со која што прво оделенци се заебаваат меѓу себе.

АВТОРОТ:

Откако ќе свршите. Ти стануваш и одиш да мочаш. Ќе ни треба купатило, или барем шоља…Ти мочаш, а во позадина оди музика, џез, нешто така смирувачки, за атносфера….

ТОНИ:

На боксериците ми пишува " Лапни ме."

АВТОРОТ:

Маргарита станува од кревет и на некоја мала рингла прави кафе… И почнува од торбата што ја носиш со себе да вадиш книги , кои ги редиш низ собата, вадиш и крема за депилирање, гаќи, четка заби, влошки, тампони… Си облежуваш територија…

САШО:

Фен, лак за нокти, танга, крема за туширање, пена за коса…

ВЛАДО:

Види, види ова некој од искуство збори…

ТОНИ:

А што не се измоча по ќошињата, побрзо ќе обележи…

Марагита ја зема својата метла и мете по собата, се обидува да летне со неа, ама не и успева. Тони Лина пијат кафе. Лена легнува на креветот, се покрива и почнува да преде како мачка.

БОЖИЛАК:

Кога вака преде ме излудува!

Тони се фрла на креветот.

ТОНИ:

Може треба претходно го разнишам креветот, да го ставам у брзина, па тогаш да земам залет.

АВТОРОТ:

А, може кога ќе рипнеш врз неа, да се слуша како се борите, она нешто ти ржи…

ВЛАДО

И он писка од болка, му го одгризла ушето.

АВТОРОТ:

Добро, одиме на третата сцена…Во оваа сцена се во ресторан, поетски кажано, во некоја биртија.

(Сценските работници го изнесуваат креветот и местат две маси со столови.)

АВТОРОТ:

Ова е кафеана што се вика “Мечкина дупка”. На едната маса седат Божилак и Маргарита…

ТОНИ:

Ја бакнувам страсно… И ги бакнувам рацете, само што не сум и ги голтнал прстите, ја бакнувам во уста и ги лижам капките вино, што и се цедат по брадата.

ЛИНА:

Јас жедно си го пијам моето црвено вино…Морам со нешто да се измијам после толку лижење.

АВТОРОТ:

И Сотон Трети го има во оваа сцена.

САШО:

Проблемот е во тоа што јас ја играм и улогата на Бен Демократ.

АВТОРОТ:

Јас ќе ја играм таа улога!

ВЛАДО:

Сите сакаат да бидат актери, ќе останеме без леб.

ТОНИ:

Тебе добро ќе ти дојде, барем ќе симнеш некое килце.

АВТОРОТ:

( На Сашо) Ќе ги служиш Божилак и Маргарита…Ти си келнер со мрсна коса и хитлерски мустаќчиња…Послужавникот го носиш на глава и го држиш со рацете. Кога се наведнуваш да ги услужиш гостите ти тече од шишињата. Па Вински се мести да ја дочека пијачката што се истура.

ВЛАДО:

Да не се истура за џабе.

АВТОРОТ:

Архангел значи пие како сом. Бен, значи јас се веселам, се обидувам да се качам на маса, или барем на стол, ама не ме држат нозете многу сум дебел и паѓам покрај масата…

ЛИНА:

Се договоривме мојот текст да го отпеам како опера.

АВТОРОТ:

Знаеш да свириш на мандолина?

ЛИНА:

Не.

АВТОРОТ:

Ма, не е ни важно. Ќе свириш на мандолина и ќе го пееш текстот…Се качуваш на маса и малку засвируваш на мандолинчето, исто како порано гласниците.

ЛИНА:

А, не удирале тие на тапанче?

АВТОРОТ:

Одлична идеја! Ќе удираш на тапанче и ќе го кажуваш текстот како разглас, сакаш сите да те слушнат…

ТОНИ:

Одлична идеја, жими…лактов…Ја фалиш затоа  што е женско.

МАРГАРИТА:

Народе, чујте и почујте. Јас, Маргарита, судбината на неговиот нов живот, еланот на сите негови возбуди, сум раководител на оделението за фантастична и недокажана литература, во градската библиотека. Јас не оти го сакам овој мамлаз што седи  до мене, ами склопив договор со Ѓаволот за неколку партии секс со овој, ќе ме направи  најмоќната вештерка што воопшто постоела. Значи конечно ќе можам да се шетам, всушност да летам гола на месечина и тоа на метла.

АВТОРОТ:

Ние не оваа помисла на гола вештерка на месечина аплаудираме и свириме како залудени.

ВЛАДО:

Јас  од радост ќе скршам шише две, а може и цела гајба.

ТОНИ:

При помислата дека ова може да ми биде последното легнување, ја зграпчувам овде и право на маса. И она тука не ми  дава, за да можам во следната сцена да ја убијам…

ЛИНА:

Да беше така лесно.

ТОНИ:

Е за што сакаш да те убијам? За тоа што си ми пренела сифилис? Па, типов со очи нема видено женско, само мисли како да те обработи….Идеме, додека ја легнувам на масата, страсно љубејќи ја по вратот, по рацете, по нозете…Ммммм…

БОЖИЛАК:

Како да и кажам дека морам да отпатувам за Америка, на повеќемесечно усовршување на англискиот јазик…Како ќе преживее без мажот кој е единствениот, кој  може сексуално да ја сатисфактира онака како што таа сака, во најголемо количество.

ЛИНА:

Зошто волку запнал, можам да му скршам едно шише од глава.

ТОНИ:

Во тој случај ќе треба сега да те убијам.

ЛИНА:

И јас продолжувам да пијам.

АВТОРОТ:

Божилак седнува на своето место…А, Сашо стои до масата и по неуспешниот обид на Божилак да ја легне Маргарита. Му велиш…

СОТОН ТРЕТИ:

Ова е културно место, дозволено е само пушење и лижење, ама само со нашиот персонал. Ова не се однесува на мене.

АВТОРОТ:

По ова Божилак станува и почнува да ја пее “ Кажи зошто ме остави”…

ТОНИ:

И ме обли со тага…Абе, знаеш може тука со малку танцување, сам со себе…

ВЛАДО:

Како пијана кокошка.

ТОНИ:

( И пее на Лина) Моја љубов ти пак ќе си се ти проштевам драга.

АВТОРОТ:

Ајде после ќе и се пушташ. Треба да се смени сцената. Пак, сме во станот на Божилак…

Сценските работници ја поставуваат сцената.

АВТОРОТ:

Да продолжиме со сцената…Вие двајца лежите на кревет. Божилак и се пушта на Маргарита, сака по пети пат да ја опали.

ТОНИ:

Ја лижам по врат…И се подоле и подоле ја лижам…Многу си вкусна.

ЛИНА:

Е баш си кретен!

ТОНИ:

А, замисли ти да требаше да идеш подоле и подоле на мене…

АВТОРОТ:

Доста! Ја повлекуваш кон себе, она те турка, не сака, ама ти сакаш …Лина ја чита истата книга, што ја читаше во паркот. Книгата” Метлата не е само за метење, туку и за летање”. А тој ти додева… Се качува врз тебе, се пика под покривката…И ти го удираш со книгата меѓу нозе…

ТОНИ:

Ме заебавате? Знаеш колку тоа боли!?

ЛИНА:

Замисли си јас да сум на твое место.

ТОНИ:

Ти немаш толку болно место. Освен суетата!

АВТОРОТ:

Добро знаеш дека нема вистински да те удри, освен ако не ја изнервираш… Ти само треба да се виткаш од болка, како вистински некој да те удрил .

Упаѓа на сцена еден полупијан, костимиран актер.

АКТЕРОТ:

Да бидеш или да не бидеш ти-
Еве во што е прашањето сега.
Без ропот, молкум да го трпиш срамот

И сите стрели на судбата дива…

Актерот запира се обидува да се сети на текстот.

Или да паднеш? Да умреш. Да спиеш.

Актерот седнува на креветот.

АКТЕРОТ:

Душа ми излезе…Сега им текнало да ме прават Хамлет, декадентен Хамлет, драпај си меот…

Актерот ги гледа луѓето околу себе.

АКТЕРОТ:

Ова да не е пробата за Средновечниот Хамлет?

САШО:

Не.

АКТЕРОТ:

Моја грешка, се извињавам.

Актерот си заминува.

САШО:

Замина уште еден лик во историја.

ВЛАДО:

На негови години и ти ќе бидеш историја.

ТОНИ:

Таа ме удира, јас паѓам на подот…

АВТОРОТ:

Кога ќе го удараш земи залет…Потоа скокаш од креветот и  го удира со штикла по глава…

БОЖИЛАК:

Кучко една јас те сакам …( Божилак ја дави за вратот Маргарита) Пред тебе морав да плаќам за секс. (Маргарита се преправа дека е мртва, паѓа на подот, ама таа станува и  му задава неколку карате удари. Божилак ја зема ринглата која му е на дофат и силно ја удара по глава. Маргарита паѓа мртва)

АВТОРОТ:

Одлично! Ти стануваш и пак поаѓаш кон креветот и  таа е сеуште жива… Сега ти од по перницата вадиш нож… Некој така голем, долг нож…

ТОНИ:

Што не извадам сатар!

АВТОРОТ:

Ја  прободуваш едно десет пати… И таа е конечно мртва. А, ти уморен легнуваш на креветот.

ЛИНА:

Кога луѓето само би заеле мирно да се разделуваат.

Сценските работници го тргаат креветот.

АВТОРОТ:

Имаме ископан гроб. Мртвата лежи  до гробот, чека да биде закопана… Маргарита нека легне покрај гробот…А, Сотон Трети излегува од гробот, тој е копачот на гробови. До гробот, во длабока тага по својата сакана  нека застанат Божилак и двете, дебели сестри на Маргарита, јас и Владо …Ние две, сме сијамски близначки, споени кај задникот и главата и зборуваме во исто време…

СЕСТРИТЕ:

(Кон Божилак) Знаеме дека ти ја уби нашата сестра… Не сакаме ни да помислиме на колку примитивен начин, си го направил тоа, знаејќи го нејзиниот голем сексуален апетит.

БОЖИЛАК:

(Кон публиката) Јас не можам со една жена да се справам, а камоли со две…Подобро да ме снема. (Сотон Трети му дава авион од картон, кој Божилак  го мести околу половината и ги раширува рацете подготвен за полетување.)

БОЖИЛАК:

( На Маргарита) Секогаш ќе бидеш со мене…

СОТОН ТРЕТИ:

Знам!

Божилак “одлетува”.

АВТОРОТ:

Тоа беше првиот дел.

САШО:

Денес сите три дела ќе ги работиме?

АВТОРОТ:

( Авторот пали цигара, исто и Владо) Да.

ТОНИ:

Може едно цигарче?

ВЛАДО:

Купи си, на секоја проба се гребеш од нас.

АВТОРОТ:

Мене оваа ми е последна.

ЛИНА:

( Која стои на страна и го гледа Тони како го вдишува чадот од цигарите) Навистина си патетичен!

САШО:

Тоа е една одвратна зависност.

Сценските работници ја местат сцената, ја местат клупата и кантата за ѓубре.

АВТОРОТ:

Во вториот дел Божилак е во Америка. Божилак во моментов седи на канта ѓубре. По професија собира ѓубре, а хоби му е потстижување на тревата во Градскиот парк. До тебе, на клупа седат мајка и ќерка…Владо е дебелата ќерка, а Лина е неговата, мислам нејзината згодна мајка. Мајката е балерина и ја учи својата дебела ќерка како да прави пируети.

ТОНИ:

Немам цигара.

ВЛАДО:

( Му дава цигара) Најде начин да се изгребеш.

ТОНИ:

Доста мрчиш . Поарно облечи си розево фустанче.

МАЈКАТА:

Здараво драги.

БОЖИЛАК:

Аха.

МАЈКАТА:

Седиш?

БОЖИЛАК:

Аха.

МАЈКАТА:

( На Ќерката) Замисли си седи…

БОЖИЛАК:

Аха.

МАЈКАТА:

Недела е…Седиш во работен ден. А и доцниш во работен ден.

БОЖИЛАК:

А сепак сум прв.

АВТОРОТ:

Ќерката при секој обид да направи пирует а паѓа како ѓуле.

МАЈКАТА:

Ја исчешла тревата?

БОЖИЛАК:

Аха.

МАЈКАТА:

Тоа ти е работа. А замисли да ја немаш…

БОЖИЛАК:

Ќе бев под биро и сега ќе се брцкав во базен.

ЌЕРКАТА:

И треба, се потиш како свиња…

БОЖИЛАК:

Ти си свиња!

МАЈКАТА:

Немојте да бидете невоспитан, ќе се јавам на вашиот надлежен и ќе се пожалам.

БОЖИЛАК:

Ако се јавувате кажете му дека отидов на базен!

МАЈКАТА:

Грубијан!

АВТОРОТ:

За следната сцена ни треба базен и нужник…. Само ќе ја помериме клупата и кантата и замислете си дека ова е базен. Жени и мажи се пржат на сонцето, жените се поубави од мажите и имаат поголеми цицки…А, во базенот има еден црнец, тоа е Владо...

ВЛАДО:

Пливам како риба на суво.

АВТОРОТ:

И додека се шлапкаш пееш: Вино, вино, црвено вино, леле вино. Божилак го гледаш црнецот и му се смееш.

БОЖИЛАК:

Хе, хе, хе…

ЦРНЕЦОТ:

Дојди ваму. ( Божилак се повлекува) Влези во водата бе бели, да те фати сонце…

БОЖИЛАК:

Пих.

АВТОРОТ:

Божилак оди во нужникот, единствениот во околината, клекнува…А Црнецот по него, тропа на вратата од вецето…

ЦРНЕЦОТ:

Излези!

БОЖИЛАК:

Не сакам.

ЦРНЕЦОТ:

Удави се!

АВТОРОТ:

Е, Божилаку, Божилаку…

Сценските работници ја места сцената, поставуваат маса и четири стола.

АВТОРОТ:

Ова ќе биде ресторан за брза храна, некој како Мек Доналдс. На ѕидот, ќе има закачено некоја рекалама, ако имаме пари ќе биде и флуросцентна. Ќе има нешто што ќе оди во позадина, мислев прво тоа да е музика…

САШО:

Мојот предлог е тоа да биде разглас: Секој понеделник изедете колку што можете, за само три долари. И истово постојано да се повторува.

АВТОРОТ:

А денес е понеделник, затоа јадат како сињи. На масата седат: Божилак, Арапот, кој ќе го игра Владо…

ВЛАДО:

Ќе ми дадете една подолга шамија, за да личам на Арап.

ТОНИ:

И фустан ќе ти облечеме.

АВТОРОТ:

До вас седат Лина и Сашо, како двете девојки. Божилак и се пушта на Лина, а Арапот на Сашо…

ВЛАДО:

На него да му се пуштам? Од секогаш ми биле сомнителни тоа Арапите со по педесет жени…

ТОНИ:

Може си чуваат и педест мажи, па комбинираат, да не им стане монотоно.

ВЛАДО:

Човек не може цело време да јаде пилешко.

БОЖИЛАК:

Читаш?

ЛИНА:

Читам.

БОЖИЛАК:

Читај.

ЛИНА:

Ќе читам.

БОЖИЛАК:

Нема кечам. Неверојатно каква демократија е ова кога не можам да бирам меѓу кечам и мајонез?!

АРАПОТ:

( На Сашо.) Јас сум попален по се што е Француско, а посебно Француска боржуаска револуција…За што да ти говорам за Робеспеј, за затворот Бастилија?

САШО:

Си бил во затвор?

АРАПОТ:

( На Божилак) Баш е глупа, ама како го прима. Не е само глупа, она е тупа. Коко теле е…Види ја…

ЛИНА:

Ние сакаме интелектуалци. Особено, не задволуваат мажи кои ги знаат грчките митови…

БОЖИЛАК:

Јас ќе те задоволам со Пријам и Андромаха. Грчки митови и империјалистичка стварност. Имам брунка во газот. (Сите му се смеат) Имате ли вие нешто во газот?

АРАПОТ:

Хемороиди!

АВТОРОТ:

По ова ќе треба сите четворица да пеете…Има една стара песна, што иде вака: Кумба, кумба, кумба леро…Е вие ќе пеете: Брунка, брунка, брунка во газот…

Сценските работници ја изнесуваат масата и внесуваат голем кревет.

АВТОРОТ:

Ова е станот на Божилак во Америка. Стан, кој е всушност хотелска соба. На креветот место чаршаф е американското знаме…Тони и Лина пак се сексаат. Значи ја обработуваш и свршуваш на нејзиниот дебел мев…Божилак легнува на креветот, рони солзи по Маргарита. Лина прди од среќа, прднуваш по втор пат, значи наполно си среќна. Почнуваш да го бакнуваш, се спушташ надолу, сакаш да му го….Ти ја тргаш, глупо ти е, гаќите ти мирисаат на Маргарита…

САШО:

Колку време ги нема испрано?

ТОНИ:

Само овие ги имам.

АВТОРОТ:

Зборуваш за вистината и на тој начин почнува да лажеш. Од чорапите вадиш џоинт, го палиш…

ЛИНА:

Дај ми…

БОЖИЛАК:

Не може малолетна си, знам и дека место марихуана има замотано хашиш.

АВТОРОТ:

Влегуваат Владо и Сашо. Сашо паѓа на подот и заспива. Рчи: Пуф, пуф, пуф, пуф… Арапот оди во нужникот, значи и овде ќе ни треба нужник. Арапот моча, најдолгото и најшумното уринирање на нужничката шоља.

АРАПОТ:

( На Божилак.) Ајде да ги гледаме брановите. ( Божилак и Арапот излегуваат од собата)

АВТОРОТ:

На телевизија се дава филм за Станата.

Сценските работници повторно ја поставуваат масата во ресторанот за рза храна.

АВТОРОТ:

Божилак и Арапот се воресторанот за брза храна и јадата. Кога влегуваат една црна и бела женска. Црната е Лина, а белата Сашо. Тоа се професионални проститутки, експетиза садо-мазо. Вие си мислите ќе ќарите нешто, па ги викате на маса. Арапот го почнува разговорот, тој подобро воспоставува контакти.

АРАПОТ:

Повелете седнете на нашата маса. Ние имаме дваесет и пет години и неколку месеци.

БОЖИЛАК:

Да, токму толку!

ЛИНА

Да зборуваме за секс.

САШО:

Јас сум католик.

БОЖИЛАК:

Нема да зборуваме за секс. Ќе зборуваме за вистината и сите нејзини форми на постоење.

АВТОРОТ:

Божилак ждрига, а вие двете се згрозувате од примитивниот човек.

АРАПОТ:

Да зборуваме, за вистината која вели дека сме црнци под белава кожа…

ЛИНА:

Се бавите со некој бизнис или сте експлоатирани?

БОЖИЛАК:

Ние сме најмени работници кои не поседуваат автомобил.

АРАПОТ:

Робје!

САШО:

И ние сме робје.

БОЖИЛАК:

Какво робје?

ЛИНА

Бело.

БОЖИЛАК:

Но, ти си црна како јаглен.

ЛИНА:

Јас сум горда што сум бела робинка!

БОЖИЛАК:

И ние сме горди што си ти бела робинка.

САШО:

Вие обљубувате или лижете?

АРАПОТ:

Ние работиме на улица.

БОЖИЛАК:

Ние сме црнци под белава кожа, работиме среде улица и лижеме!

САШО:

Што и на кој начин лижете?

БОЖИЛАК:

Лижеме речиси се, а понекогаш и плаќаме за тоа…

САШО И ЛИНА:

Пу, пу, пу, вршат блуд со природата! ( Двете моми си заминуваат)

АРАПОТ:

Што плаќаш ѓаволу?

БОЖИЛАК:

Плаќам кога купувам сладолед.

АРАПОТ:

Па ти си туп!

БОЖИЛАК:

Ти пак си потупав, а згора на тоа грд и зол!

АРАПОТ:

Да, но јас го мразам лижењето. Јас во принцип џвакам!

БОЖИЛАК:

Сладолед не може да се џвака!

АРАПОТ:

Се, се може кога се имаат нескршливи принципи!

АВТОРОТ:

Одлично. Сега двајцата станете, ќе има една голема и атрактивна канта за ѓубре каде ќе ги истресете остатоците од храна и ќе заминете. Следната сцената ќе биде празна. Дејството ќе се случува во Филаделфија, во некој музеј, а ова е просторијата која го претставува човечкото срце…Значи имаме леви и десни комори и преткомори, вени, артерии. Се слуша чукање на срце. Во неа се Божилак, Арапот, Лина и  Сашо.

АРАПОТ:

Мислам дека имам доаѓано овде со некоја добра женска, првокласна риба…

БОЖИЛАК:

Имам гасови од минералната вода…

АРАПОТ:

Мајка ми ме носеше! Сакаше да бидам, кадрен…кардиоа…знаеш де.

БОЖИЛАК:

Па, ти не можеш ни да горечеш…

АРАПОТ:

Затоа сум уметник…

САШО:

Уууууу…Тоа е нешто!

АРАПОТ:

Имитирам гласови…

САШО:

Мора да е возбудливо…

АРАПОТ:

И е. Стенкам во порничи.

ЛИНА:

( Си ја заглавила главата меѓу вените и артериите) Помагајте!

БОЖИЛАК:

Што си ја пикала, кај што не треба?

ЛИНА:

Кога ги видов сите овие кабли ми дојде да се обесам, кога веќе ја наместив главата за бесење ми текна дека мачката ќе ми умре за јадење. (Сашо и помага да ја извади главата.)

БОЖИЛАК:

Морам да го најдам нужникот, ми се моча…

АРАПОТ:

Не требаше да го пиеш глонот минерална вода во еден здив, не здраво за бешиката.

БОЖИЛАК:

Моја си е бешиката, ќе и правам што сакам. Ако сакам ќе ја продадам и ќе земам добра пара на пазарот за човечки органи.

Сценските работници донесуваат школка од автомобил на сцена.

АВТОРОТ:

Во следнава сцена имаме питач, што значи јас пак стапувам на сцена…Ќе се кријам во некое ќоше, облечен во партали. Вие тројца стоите до колата и го чекате Божилак, кој доаѓа со хот догови во раце.

БОЖИЛАК:

Ќе банкотирам.

АРАПОТ:

Многу јадеш.

ВЛАДО:

Многу сере.

БОЖИЛАК:

( На Арапот) Прибери ја, ќе ја претепам, а може и ќе ја силувам…Само се нервирам, многу малку ми плаќаат на работа, а ова стипендијата од весникот ми е мизерна…Вива ла мизерија!

АВТОРОТ:

Љубезни господа, благословени да сте, дали би ми дале еден долар? Подготвен сум да убијам за еден долар! Божилак збеснува и се фрла да го тепа просјакот. Му удара клоци. Просјакот се витка од болка на асфалтот. За малку ќе го убиеш посјакот, но Арапот те спречува…
На сцена излегува истиот актер, костимиран со меч во раката. Штом здогледува дека Тони го тепа просјакот. Се стрчува и почнува да го удара Тони со мечот по грбот.

ТОНИ:

Што правиш, жити Бога! Ќе ме убиеш!

АКТЕРОТ:

Те предизвикувам недостоен господине на двобој!

ТОНИ:

Иди лечи се!

ВЛАДО:

Ти пак си ја утнал работата?

АКТЕРОТ:

Ова е проба на “ Дон Жуан”?

АВТОРОТ:

Средновечниот Дон Жуан?

АКТЕРОТ:

Јас сум далеку од тоа господине…Мене шминкерката ми се додворува, ми вели дека мојата коса не е седа, туку посребрена од годините полни со неверојатно искуство. Какво што вие само би можеле да посакувате!

ТОНИ:

А да ја опалиш шминкерката?!

АКТЕРОТ:

Јас немам време за спорадични работи. Мене ме чека голема претстава!
Актерот излегува.

ВЛАДО:

Дон Жуане врати се во фундус!

АВТОРОТ:

Да продолжиме.  Го маваш уште некое време просјакот. Се тргаш од него, просјакот оди во своето ќоше и цмиздри. Ја легнуваш  Лина на хаубата на колата и  и пружаш задоволство, таа не вели ништо само вреска од радост…Во следната сцена ќе ви се расипе колата среде пустелија. Според романот, се расипува кола марка Форд  во близина на поле со пченка. Од радиото во колата се слуша џез.

БОЖИЛАК:

Кај најде овде да се расипеш, мамичето тове…

АРАПОТ:

Што сум гледал еден филм, исто вака, им се расипа колата до некое поле со пченка, едни излегуваат од пченката и ги убиваат, еден по еден, крц, крц (Покажува на вратот како ги убивале)

АВТОРОТ:

Од пченката, излегувам јас- црнец облечен како фармер, а всушност тоа е Сотон Трети…Вие сте исплашени мислите дека ве ќе исмасакрирам.

БОЖИЛАК:

(Се крие позади Арапот) Готови сме!

САШО:

Ние се исплашивме и затоа ќе зборуваме за секс!

АВТОРОТ:

Сашо и јас одиме позади пченката за да се задволиме. Слуша стенкање, пченката се тресе на сите страни. Кога ќе излеземе…

АРАПОТ:

Дали би можеле да ни го поправите автомобилот?

СОТОН ТРЕТИ:

Јас сум комунист.

АРАПОТ:

( На Божилак) Слушаш комраде…И, ти си бил комунист шест месеци…

БОЖИЛАК:

Јас сум комунист цел живот, не сум крстен во црква.

СОТОН ТРЕТИ:

И јас исто.

САШО:

(Му дава пари на Сотон Трети) Еве ти пари за поправката, а ова ти е за тоа што ме задоволи.

БОЖИЛАК:

( На Арапот.) Ајде да си одиме, уште малку ќе се посерам од страв… Сценските работници ја изнесува колата и ја внесуваат масата со столовите за сцена во ресторанот за брза храна.

АВТОРОТ:

Повторно Божилак и Арапот се во ресторанот за брза храна, во градот на неговиот престој Њујорк. Седите на маса и јадете. Келнерката се фрцка околу вас, Арапот не може да ги одвои очите од неа.

АРАПОТ:

Јас се заљубив.

БОЖИЛАК:

Ова е најубавата жена што сум ја видел во мојот мал провинциски живот. Поубава е и од Маргарита.

АРАПОТ:

Јас ќе се самоубијам и ќе умрам.

БОЖИЛАК:

Знам.

АРАПОТ:

Знаеш јас ќе умрам.

БОЖИЛАК:

Знам!

АРАПОТ:

Во питава има мајмунска коса.

БОЖИЛАК:

Сигурен си дека не е од човек?

АРАПОТ:

Човекот потекнува од мајмун…Јас сум алергичен на коса од мајмун, змиска кожа и жени што имаат повеќе целулит од мене.

БОЖИЛАК:

Ти секогаш обработуваш некои дебели…

АРАПОТ:

Живеам опасно. Леле, како меша со колковите келнеркава…

БОЖИЛАК:

Како кошаркар.

АРАПОТ:

Баш е еротски.

АРАПОТ:

Отидов јас да и се пуштам на келнерката.

БОЖИЛАК:

Купи нешто за јадење.

Сценските работници ја изнесуваат масата. Поставуваат две лежалки и еден чадор за сонце на сцена.

АВТОРОТ:

Сега се на плажа. Се слушаат морските галеби. Божилак е оптегнат на едната лежалка, Владо влегува пополека со кеси во рацете и седнува на другата лежалка.

БОЖИЛАК:

Купи?

АРАПОТ:

Немаа пилешко со свинско сало, па ти купив свинско со киви и сенф.

БОЖИЛАК:

Што направи со келнерката?

АРАПОТ:

Јас сум човек со скршено срце! (Се влегува во водата, се шлапка) Ќе се удавам за неа! Знаеш дека работи во салонот за видео игри? Сите пари си ги дадов чекајќи да и заврши работното време. По три часовно пуштање, сфатив дека не е заинтересирана за водигнувањето и падот на Франција.

БОЖИЛАК:

Немам јас мома и мене ме сакаат, оние што ме сакаат.

АРАПОТ:

Браво за тебе!

БОЖИЛАК:

Да одиме кај мене. Имам едно големо шише алкохол, за да го прославиме моето заминување… Ти си муслиман.

АРАПОТ:

( Излегува од водата, се тресе како куче за да се исуши) Ти си христијанин, а повторно немаш право да бидеш во овој град.

БОЖИЛАК:

Да одиме. (И двајцата не се помрднуваат)

Сценските работници ја местат сцената. На сцена е повторно големиот кревет .

АВТОРОТ:

Значи  вие двајца сте во станот на Божилак и пиете мастика. Седите на креветот еден до друг.

БОЖИЛАК:

Сакам да напишам книга.

АРАПОТ:

Нека се вика “ Буржуи од сите земји обединете се”.

БОЖИЛАК:

Јас се смеам а срцето ми плаче. Сакаш да ти прочитам од песните што ги напишав, додека го усовршував англискиот јазик?

АРАПОТ:

Морам да одам, утре станувам рано…Утре ќе останам сам. Црни мисли ме мачат.

БОЖИЛАК:

Па, ајде да се разделиме…

АРАПОТ:

Збогум!

БОЖИЛАК:

Збогум! ( Арапот замнува) Дојде крајот на мојата слобода. Се враќам назад! Затоа подобро да одам и да си го направам најголемото задоволство на светот: Да мастурбирам и и да свршам на задникот на сопственичката на хотелот. Збогум Слободо!

ГЛАС:

Збогум Божилаку!

БОЖИЛАК:

Зошто Слабодата не ми рече догледање, ќе се видиме пак, туку збогум?

ГЛАС:

Ај не го тупи!

АВТОРОТ:

Следува сцената во авионот. Од Америка треба да допатуваат: Божилак, Архангел и Бен. Сотоната е задоволен со неговото досегашно однесување… Ќе имаме три авионски седишта и две авионски прозорчиња. А за време на проба можеме да користиме и обични столови… Додека летаме, Божилак ќе сонува еден сосема откачен сон. Сцената ќе биде поделена на два дела: На едниот дел од сцената се седиштата, а на другиот дел ќе го прикажеме сонот на Божилак…Таа сцена претставува логор во дворот на бившата црква Свети Спас, а до неа има и штала, која повеќе не се употребува. На жицата што ќе биде околу сцената, која ќе ја означува територијата на логорот ќе има закачено кожи од жаби, кои се закачени за да се сушат. Јас и Владо ќе се бориме на средина од сцената, ќе бидеме облечени во костими на кучиња. Ова е борба на кучиња, крв лета на сите страни, крв и влакна, има лаење, ржење, гризење, заривање заби…

ТОНИ:

Кучешки живот.

АВТОРОТ:

Божилак стои настрана и страсно навива. Ќе бидеш облечен во стар војнички шинел, прав логораш, во една од битките со логорашите од другиот павиљон си ја изгубил десната веѓа и  левото окото, па си познат како човек со веѓа без око или човек со око без веѓа. Постојано носиш очила за сонце. А Сотон Трети малку подалеку од рингот  пече жаби на логорски оган исто облечен во војничко, во униформа на генерал…Од време, на време Божилка под око го погледнува Сотон Трети, се плаши од него, бидејќи Сотон Трети  е главен во логорот. Божилак од страв, си ги гризе ноктите и го плука тоа што го изгризал…

СОТОН ТРЕТИ:

Ајде вечера!

АВТОРОТ:

Сега вие тројца му се приближувате, ама со страв на кучиња кон газда што ги тепа…

ВЛАДО:

Што има за вечера?

АВТОРОТ:

Жаби?

ВЛАДО:

Пак жаби, цела вечност јадеме жаби!

АВТОРОТ:

Овде сме доживотно, под обвинение : Сме сториле дело, кое не сме го извршиле, ама сме го признале.

ВЛАДО:

Доста паламудиш и  дај ми малку од кожите, не ми е доволно солена жабава…

СОТОН ТРЕТИ:

(кон Божилак, кој си ја јаде својата жаба) Нема денес состанок на просечните интелектуалци?

БОЖИЛАК:

Не можеме да се разбереме. Кога ќе се собереме сите молчат или зборуваат на различни јазици.

СОТОН ТРЕТИ:

Како што гледам, таборот на сифилис блудниците е послен. Тие минатата година победија со извонредна тактика, на интерните пресметки со другите логораши- свештеници, државници, писатели и поети, филозофи, љубовници и пагани.

БОЖИЛАК:

Нормално кога ги заразија сите со нивната опака болест. Ама јас како писател и шеф на една од најмоќните терористички групи, ќе склучам договор со нивната водачка Маргарита. И ќе коалицираме! Не можам да чекам доживотно да дојдам на власт.

АВТОРОТ:

И се гасат светлата на таа сцена и се палат на сцената во авионот. Божилак се буди, и гледа дека двајца кретени што го чуваат задремале. Тој сфаќа дека седи на каче со кисела зелка и дека и зборува на свинската глава што виси до него.

БОЖИЛАК:

Каков кошмар! Понекогаш ми доаѓа да се обесам. Почнувам со тоа одење свесно во смрт и одеднаш кога веќе јажето сум го навлекол до носот се запирам. Се вразумувам, седнувам на едно буре полно со расол и до него каче со кисела зелка, па ним им ја раскажувам својата тешка сосотојба…Да се самоубиев, до сега ќе бев писателска легенда како Хемингвеј . Иако сите ми велат дека сум херој и пример за идните генерации обврзници кон внукот на Сотоната, од таа помисла јас сакам да си го изедам џигерот. Од овој договр само добив голем мев, кратки нозе и жолто-зелени заби!

АВТОРОТ:

Следната сцена е на аеродромот. Божилак е во нужник… А ние двајца, стоиме пред вратата на нужникот и чекаме. Додека чекаме играме бадминтон, Архангел постојано губи.

АРХАНГЕЛ:

Наредбата е да го однесеме кај Сотон Трети за да му ја земе душата.

БЕН:

Време е да се наплати целиот секс што го доби без најмал труд. Сценските работници на сцената ја ставаат шољата. Божилак седи на шољата и пуши цигара.

БОЖИЛАК:

Морам да се откачам од овие двајца… Додека да се исерам може ќе смислам нешто…( Се напнува да се покака)

АРХАНГЕЛ:

Ќе не убиеш со смедеава…

БОЖИЛАК:

Никој не ве тераше да доаѓате во веце со мене.

АРХАНГЕЛ:

Излегувај!

БОЖИЛАК:

Идам! ( Кон  публика) Морам да се скријам. Нема да издржам вака, ќе побудалам, ќе го изгубам здравиот разум, а ич да не зборувам за душата…Ах, кога ќе помислам на сите земни убавини, на сите долги женски нозе, на пушените свински половинки…Морам да се пронајдам себе си, морам да сторам нешто да дозволам фантазијата од мене да прави мит, или барем историски херој.

АРХАНГЕЛ:

Ајде, нема цел ден да сереш!

БОЖИЛАК:

Идам !(Кон публика) Морам да ги откачам пицајзливе.

БЕН:

Имаш цигара?

АРХАНГЕЛ:

Не само што си пијаница, туку и пушач, ме дереш како свиња, ич око да ти трепне.

БЕН:

Еве ќе ги оставам, само уште оваа…

АРХАНГЕЛ:

Ајде излегувај ми се примоча! (Тропа на вратата, никој не одговара, ја разбива)

БЕН:

Избегал низ вентилација!

АРХАНГЕЛ:

Излажа и со тоа ја изневери довербата на Сотоната. Требаше во гаќи да се посере! ( Архангел и Бен почнуваат да плачат како мали деца.)

БЕН:

Живи не запали! Горам, целиот горам, душата ми изгоре ! Спаси ме Боже!

АРХАНГЕЛ:

Зачепи Кретену!

БЕН:

Нашиот пепел ќе биде пуштен во шољата на нужникот! Готово спакувани сме!

Архангел и Бен паѓаат мртви.

АВТОРОТ:

Следнава сцена се случува во кабаре. Над сцената ќе закачиме натпис : " Ако не вредам повеќе барем сум поинаков".

Сценските работници поставуваат маса и столови.

ТОНИ:

А, каков ќе биде мојот костим, за овој специјален перформанс?

АВТОРОТ:

Сличен како на оние на кои ти им се лигавиш по клубовите…Горе се разбира прслук, доле некоја сукњичка…

ВЛАДО:

И најважното: Добри високи штикли!

ТОНИ:

Се гледа дека си загорен.

ЛИНА:

И ракавици и чорапи со подвезици, за да може ужитокот подолго да трае.

САШО:

Уште музика ни фали и може да закачиме натпис на врата : Стриптиз за сите полови, ние не дискриминираме!

ТОНИ:

Божилак не сака да биде проста и добродушна жена, па затоа сега е града и зла, со големи гради дама.

ВЛАДО:

Во позадина оди музика…(пее) А ти си некаде, каде нема да те допрам и само празнина ми остана од тебе…

САШО:

Македонски  шлагер.

АВТОРОТ:

Водител во кабарето ќе биде Сашо. Ти ќе го најавуваш циркусов…Ќе имаш фрак, цилиндер, шминкан со бела пудра, карминче.

САШО:

Господа и џенталмени, оти сте сите мажи, вечерва специјално само за вас, во нашето мало кабаре големата Бјанка Никол. Таа е она што секој модерен посетител на кабарето го бара: Нешто кое за сигурно е женско, но има некаков садизам во своите движења!

БОЖИЛАК:

( Божилак почнува да се соблекува) Ако постои Господ, на црквите нема да има громобрани…Пролетери од сите земји, извинете. Ваш Маркс…Кога изборите би можеле нешто да сменат, би ги укинале…Кога јас би можел нешто да сменам би се родил како жена, која нема да биде прогонувана и присилувана на вакви дела…Јас се однесувам и мислам како жена, затоа и ќе се соблечам како жена, која не жали што и последните пари си ги даде за големи гради!

АВТОРОТ:

Во следната сцена Божилак се наоѓа во канцеларијата на Шефот на кабарето.

ТОНИ:

Шефот сака да ми даде некои инструкции за попродуктивна работа?

АВТОРОТ:

Во канцеларијата има биро, столови …

ЛИНА:

Документи, маска за садо-мазо, камшик, нечиј  долго загубен корсет , постери од голи женски …

Сценските работници ги изнесуваат масите и поставуваат биро со два стола.

ЛИНА:

Сцената ја отвараш со местење на подвезиците…

ТОНИ:

Ти добро знаеш колку се незгодни.

БОЖИЛАК:

( Кон публиката) Мене навистина ми е тешко. Иако се пронајдов себе си во оваа професија, и сум мајстор на занаетот! Сепак најтешки се паричните понуди, кои ги  добивам од ноќните птици и бдеачи, кои се обземени од сите перверзии. Парите добро би ми дошле…Оф, подобро да не го правам тој фатален чекор, кој ќе ме однесе право меѓу хомосексуалците. Тоа би било премногу за мојата нежна, женска душа…

ЛИНА:

Сврти го малку газето кон публиката!

ТОНИ:

Еве место тоа, ќе си ги наместам градите и така тоалетов почна да ми ипаѓа…

АВТОРОТ:

Влегува твојот шеф, кој е всушност Сотон Трети. Сашо почнува да ти се пушта . Ќе ти најдеме едно тигресто одело, два-три броја поголемо од тебе, има да бидеш прав макро…. Му зоруваш и чекор по чекор, по него да го зграбиш…

СОТОН ТРЕТИ:

Лепотице, Кукло, Бајадеро, Тулумбо, Слатко мое…Ти  направи од мене Дијабетичар, знам дека си фатална за мене, а сепак морам да те имам (Почнува да и  ја бакнува раката) Маче мое, јас сум твоето тигарче (Преде како мачка) Би ве стиснал, но вие сте толку деликатна, кршлива…(И ги јаде прстите) Не можам ни минута без вас, затоа ќе ве изедам…( Божилак  се обидува да избега од него)

БОЖИЛАК:

Јас сум решена да и се посветам на професијата, таа целосно ме исполнува.

СОТОН ТРЕТИ:

Би те исполнил јас целосно, до последниот милиметар . ( Успева да го зграпи за задникот)

БОЖИЛАК:

Немојте да се мачите!

СОТОН ТРЕТИ:

Затоа мачете ме вие мене! ( Го зема камшикот ми го подава)  Само еден удар и твој сум засекогаш. ( Божилак го удара. Сотон Трети паѓа на колен од болка. Божилак го удара уште неколку пати се посилно и посилно)

БОЖИЛАК:

Се надевам дека нема да ме отпуштите поради ова. ( Бега од канцеларијата.)

СОТОН ТРЕТИ:

( Вика по него) Во Париз ќе бидеш моја!

АВТОРОТ:

Кабарето е на турнеја низ Европа. По Рим, каде цело време истурал дожд, одиме во Париз. Ова кабаре ќе биде во Арапски стил, што значи публиката ќе седи на подот…

ЛИНА:

Може да седи околу ниски маси, на главите ќе носат арапски марами, а наоколу ќе висат свилени марами…

ВЛАДО:

А Божилак ќе игра стомачен танц .

ЛИНА:

И ќе се соблекува.

Сценските работници ги изнесуваат бирото и столовите.

ТОНИ:

Мене никој ништо не ме прашува. (Глуми) А јас сум толку повеќе од парче месо!

АВТОРОТ:

Божилак игра и бидејќи е во Арапски стил, носи превез на лицето, така што во публиката го препознава својот пријател од Америка - Арапот. Арапот не го препознава, само зјапа во него. Излегува најавувачот…

САШО:

А сега по  феноменалната Бјанка Никол, за сите Арапи “Ќе се турчам мамо мори”, специјално за вас, овде во Париз…Само пред тоа, неколку

глупи  социјалистички финти: Народот вика: Тито врати ни се! Тито одговара: Не сум луд! ; Слободата е кип во Њујоршкото пристаниште…

АВТОРОТ:

Сега Божилак е повторно маж и  може да му пријде на својот  другар од туѓина…

АРАПОТ:

( Божилак му приоѓа на Арапот, се поздравуваат, седнуваат заедно) Ова е неверојатно, мислев дека никогаш повторно нема да се видиме…Што ти тука?

БОЖИЛАК:

На сипозиум…А ти?

АРАПОТ:

Јас сум во потрага на моите корени.

БОЖИЛАК:

Што правиш тогаш во Париз?

АРАПОТ:

Еден мој дедо бил редовен мушерија, во ова кабаре, кое тогаш било јавна куќа.

БОЖИЛАК:

И сеуште е јавна куќа.

АРАПОТ:

За два века ништо се нема изменето… Го виде ли  парчето . Ти знаеш дека јас сакам жени  што можат добро да ме притиснат во кревет.

БОЖИЛАК:

Можеби ја познавам…па, ќе ти средам…

АРАПОТ:

Абе, таа што сега се соблекуваше пред малку. Таа ти била некаде таму од кај тебе. Ти заради неа да не дојде?

БОЖИЛАК:

О, не! Ама, ќе видам што можам да направам.

АРАПОТ:

Кога веќе си овде можеме да одиме на пиење, јадење, како порано во Америка…Еве ти адреса, па намини.

БОЖИЛАК:

Сега морам да одам, да се одморам за утрешниот сипмозиум. (Божилак си заминува)

АВТОРОТ:

Следната сцена се случува во спалната на една закоравена лезбејка. Таа живее во уметничко атеје и си замислува дека е сликар, на ѕидовите има закачено слики. Таа е и редовен посетител на кабарето, во кое гостува Бјанка Никол. На креветот се Тони и Лина или Божилак и Мадам Дороте Реонар.

ВЛАДО:

Мадам Реноар или Мадам Лина.

Сценските рботници го внесуваат креветот. Мадам Реонар и Божилак имаат секс на креветот. Мадам Реноар гласно ужива во задоволството. Оргазам и Божилак се стркалува како фока на другата страна на креветот.

МАДАМ РЕНОАР:

Ти должам…

БОЖИЛАК:

За што?

РЕНОАР:

Што ми откри дека радоста сепак е во мускулот што им расте на мажите меѓу нозе! Ти си мојот Мојсие! ( Таа почнува да го мачка со боите, со кои слика) Сакам да бидеш мое ремек дело! А, после и јас ќе бидам твое.

БОЖИЛАК:

Нема проблем.

РЕНОАР:

Ќе ти ја дадам мојата пудлица Вилхелмина…

БОЖИЛАК:

Нема потреба.

РЕНОАР:

О, но јас на никого му немам останато должна… Дури и на мојот татко, кој ме силуваше како мала. Успеав на шест години да го преполовам со секира.

БОЖИЛАК:

Па, добро уште еден спомен од Париз, веќе имам два парфеми и еден корсет… Мислам дека се заљубив, по втор пат во мојот живот!

РЕНОАР:

( Со четка црта апстракции на неговиот стомак) Јас сум уште влажна од оргазамот. И сето ова зборување за мојата пудлица ми даде идеја, дали може еднаш одпозади.

Божилак и Мадам Ренора завземаат поза.

АВТОРОТ:

Во сценава Сотон Трети е преправен во домарот на зградата во која живее Арапот. Божилак е облечен како младич, кој доаѓа во посета на својот пријател. Станот е сиромашен , кревет за еден и маса со два стола и документи и машина за куцање на неа.

СОТОН ТРЕТИ:

Јас навистина не треба да ве пуштам овде, но штом велите дека сте негов пријател тогаш зошто да не го почекате во неговата соба. Тој само што не се вратил од работа.

БОЖИЛАК:

Нас порфесијата не врза и двајцата сме новинари.

СОТОН ТРЕТИ:

Јас мислам дека работите во кабаре.

БОЖИЛАК:

( Исплашено) Не, не, сигурно сте се препознале.

СОТОН ТРЕТИ:

( Се загледува во лицето на Божилак) Ми личите на една госпоѓа која гостува таму…

БОЖИЛАК:

( Божилак се обидува да си го скрие ликот) Сигурно мислите госпоѓица.

СОТОН ТРЕТИ:

Да, навистина атрактивна госпоѓица. Сите мажи ја посакуваат, па дури пред некој ден и вашиот пријател ми призна дека многу му се допаѓа. Нејзините прекрасни кравји очи, невидено огромни гради, кои тој би ги молзел со часови…А, јас му вела дека и тој е згоден млад човек , па не би било невозможно да ја освои, штом толку стрсано ја посакува.

БОЖИЛАК:

Јас морам да ви признаам …Јас сум таа госпоѓица!

СОТОН ТРЕТИ:

Не можам да поверувам! Ма, не…Иако си помислив, ама не!

БОЖИЛАК:

Да, токму од таму доаѓам, само што ми заврши работното време…Еве, сеуште го имам костимот на мене…( Божилак ја соблекува кошулата му го покажува градникот) Гледате?

СОТОН ТРЕТИ:

Леле, немојте…ме ставате во искушение… Можеби треба го запознете вашиот пријател со Бјанка Никол.

БОЖИЛАК:

Нема да му кажете дека тоа сум бил јас?

СОТОН ТРЕТИ:

Жими Бога… Можеш да се соблечеш по костимчето ( Божилак се соблекува изведувајќи една од своите стриптиз точки) Само кога ќе ве види на вашиот пријател ќе му се дигне…Притисокот, како сега на мене. Јас морам да одам. ( Сотон Трети излегува. Божилак си става кармин. Влегува Арапот.)

АРАПОТ:

( Иненадено) Вие сте овде…Како?

БОЖИЛАК:

Ме пратија како подарок од вашиот пријател, со кого се знаете од Америка.

Апарот почнува да го љуби Божилак од среќа. Се удираат во масата, паѓаат мапите, домунетите, се рушат врз Арапот додека се обидува да го легне Божилак на масата.

АВТОРОТ:

Божилак се вратил од Париз и следната сцена е во неговиот стан, заедно со својата пудлица. Нашата кучка е Лина, облечена во еден секси костим на пудлица, колку повеќе се гледа човечкото на неа толку подобро. Од кучешката страна и остануваат ушите, муцката, опашката…

ТОНИ:

Јас неизбричен и неизбањат во долна облека, пушејќи  се шетам нервозно по собата.

АВТОРОТ:

Вилхелмина лежи на креветот и квичи со нозете кренати нагоре. Таа е твојата дваесет и четири часовна преокупација.

БОЖИЛАК:

Знам дека е сизона за парење,ама навистина не знам што да правам…Па, се обидов да најдам маж-француска пудла. Се некои волчјаци се наоѓаат. Се распрашав секаде низ градови и ништо…Еве, ќе напишам оглас ( Божилак зема пенкало и лист и пишува) Барам пес, париска пудла  маж, да оплоди париска пудла жена. Шифра: Невина сум. (На Вилхелмина)  Не ме гледај така, знаеш дека јас се би направил за тебе.

АВТОРОТ:

Сега се гасат светлата. Следната сцена  е исто во станот се случува истата ноќ.  Божилак лежи во креветот, а Вилхелмина на подот. Таа не спие, квичи со нозете нагоре, од време навреме тресејќи се од огнанот што гори во неа.

БОЖИЛАК:

( Скока од креветот) Машкоста во мене се разбудила, сакам да кажам има ерекција. (Ја гледа Вилхелмина) Ова се моменти на искушение, за сите нас добро познат. Што ми преостанува освен да и се фрлам и да ја задоволам. (Се слуша топање. Божилак ја отвара вратата. Пред него стои Сотон Трети. Облечен во фрак. Божилак е преплашен)

СОТОН ТРЕТИ:

Вие баравте француска пудла маж?

БОЖИЛАК:

Да.

СОТОН ТРЕТИ:

Јас сум Сотон Трети, принц на Логорија, земја која се наоѓа под земја. Тука сум да ја оплодам младата. Би  сакал да ме чека чаша црвено вино по сексуалниот чин.

БОЖИЛАК:

( Божилак се смирува) Кои  ви се перпораките?

СОТОН ТРЕТИ:

Возам кола и можам да зборувам, а во сексот сум незаситен.

БОЖИЛАК:

Каде е колата?

СОТОН ТРЕТИ:

Паркирана е на улица

БОЖИЛАК:

Вино има под креветот. Отидов јас да свртам некој круг со твојата кола… Божилак излегува.

СОТОН ТРЕТИ:

( Кон Вилхелмина) Дојде времето да ја изгубиш својата невиност и двесте грама крв!

АВТОРОТ:

Светлата повторно се гасат. Оваа сцена се случува по петнаесет дена. Во стнот Вилхелмина лежи трудна на креветот. Божилак личи на карикатура: брадест маж, со цицки и мрсна долга коса. Одава тага овој човек.

БОЖИЛАК:

(Кон публиката, со грб кон Вилхелмина, плачејќи) Што ќе биде со иднината на мојот животен сопатник? ( Се слуша ѕвонење) Ова мора да е ветеринарниот лекар! ( Божилак ја отвара вратата, влегува Владо-Ветеринарниот лекар со куферче во рацете)

ЛЕКАРОТ:

Добар ден. Каде е болната?

Божилак му покажува на Вилхелмина. Лекарот клекнува на четири нозе, како куче и го става десното уво на нејзиниот стомак.

ЛЕКАРОТ:

(Замислено) Цццццц… (Станува ја гледа од глава до петици) Колку време трудна?

БОЖИЛАК:

Петнаесет дена…

ЛЕКАРОТ:

Нема шанси! (Пак почнува да ја прегледува) Може ли да добијам чашка ракија?

Божилак излегува и  по некое време влегува со шише ракија и чаша. Му сипуваш во чашката и му ја подаваш. Лекарот го зема шишето и  повлекува долга голтка.

ЛЕКАРОТ:

Ќе роди ноќеска.

Божилак крикнува и се онесвестува. Лекарот му удара два три шамари и го посипува со ракијата. Божилак се освестува.

ЛЕКАРОТ:

Прво плати ми за прегледот, па после онесвестувај се!

Божилак му плаќа. Лекарот си заминува.

АВТОРОТ:

Затемнување. Протек на време и сега е некој ситен саат после полноќ. Вилхелмина се пораѓа.

БОЖИЛАК:

( Избезумен, кон  публика) Боже мој! Што е ова? Прво почна да прди, потоа ги рашири нозете и роди  труп со закржлавен врат...Можеби сум мртов  и ова е пеколот…Што и стана сега,  му ја откинува главата и ја јаде… Не можно да е ова само лош сон, зошто можам да ја почувствувам крвта што прска на мене…На малиот труп и му го лиже вратот и го гушка како да е жив… (Се држи за срце) Мислам дека ќе умрам!, Нозете ми  шлапкаат во крв…Ќе го земам корсет, кој  стои на креветот и ќе ја избришам крвта на подот…Само нека престане веќе да го удира трупот од ѕид!

ВИЛХЕЛМИНА:

Ти од сега мора да убиваш за да го осветиш мојот плод! И ќе убиваш само жени!

БОЖИЛАК:

Ми се чини дека ќе умрам со крвавиов корсет пикнат во уста! Јас сум роб на својата француска пудличка!

Повторно упаѓа костимиран иот Актер, овој пат пијан.

АКТЕРОТ:

Вино, вино, дајте ми вино! Секоја битка што ја бијам со Црна Арапина, гадно ме ожеднува (Ја гледа крвта на подот) Изгледа задоцнив на Косово Поле… Е, па добро ќе се вратам во крчмата! ( Актерот си заминува.)

ВЛАДО:

( На Актерот) Може после да частиш во крчмата!

АВТОРОТ:

Следната сцена Божилак е во станот на Сестра му. Седи  во дневната соба на превртениот телевизор и масата е превртена, како и софата и фотељата искинати.

БОЖИЛАК:

(Го чита сипсокот што го држи во раце) Под  еден: Кожнени  раквици (ги гледа ракавиците на рацете) Од скај, ама ги имам. Под два: Канта со медицински бензин. (Ја гледа кантата на подот до него) Има. Под три: Запалка ( Ја вади од џеб) Под четири: Да ја задавам и запалам сестра ми. Најважно ми е да ги извршам убиствата професионално, совршено. Совршенството е единственото мерило за вистинска среќа. Не знам зошто ама морам да ја убијам и ќе ја убијам! Сигурно сум скренал со паметот. Сестра му - Владо влегува со кукла во рацете. Кога ќе го види, тој створ  ќе се обиде да избега. Божилак веднаш скока и почнува да ја дави. Бебето паѓа на скината фотеља.

СЕСТРАТА:

Божилак!

Сестрата паѓа мртва. Божилак ја полива собата со бензин, го зема детето во раце, ја фрла запалката.

АВТОРОТ:

И Пожар!

САШО:

( Испаничено) Каде?

АВТОРОТ:

Така завршува сцената! Следната сцена е во станот на Божилак. Седи и гледа телевизија со Вилхелмина. Гледаат вести.

СПИКЕРКАТА:

( Гласот на Лина) Во градот се јави убиец, кој го убива семејството Никогови…Мината ноќ беа убиени  сестрата на Божилак, неговата мајка коа е застрелана меѓу веѓите, баба и сестрата на баба му, кои се затрелани во стомакот и личеа на искубани кокошки .

БОЖИЛАК:

(Галејќи ја Вилхелмина) Така некој се свети на Никогови.

СПИКЕРКАТА:

Божилак е прогласен за изчезнато лице, а трите последни жртви биле застрелани, додека играле бриџ.

АВТОРОТ:

Сцена на гробишта, со пет надгрпбни плочи. Убиените членови на семејството Никогови. На плочите пишува: Татко, мајка, ќерка, баба, сестра на бабата. Владо ќе биде сто и пет годишната прабаба. Таа е облечена во црно и стои над гробот на својата ќерка т.е. на бабата. Божилак облечен како жена, за да не го препознаат и се приближува.

БОЖИЛАК:

Добар ден.

ПРАБАБАТА:

Убиецу!

Божилак замавнува со својата торба. Бабата паѓа мртва.

САШО:

Сотон Трети се крие меѓу надгробните плочи, време е Божилак да си го плати својот долг.

ТОНИ:

Јас ќе го препознаам, тоа е Ѓаволот од паркот и потоа во хистерија бегам.

АВТОРОТ:

Тој доаѓа дома и наоѓа писмо од Вилхемина.

БОЖИЛАК:

(Го чита писмото) Јас заминувам со Сотон Трети , бидејќи на тој начин ќе се пронајдам себе си. Ти благодарам за одмаздата и до скоро видување во рајот. Твоја Вилхелмина. ( Гледа на календарот) Денес точно поминуваат тристашеесет и пете дена од кога го склучив договорот со Сатаната. Договор кој го прекинав затоа што сум измамник и направив многу лоши дела. Време е да ја напишам својата приказна. (Зема листови и пенкало и почнува да пишува) Тоа ќе биде драмата за мојот живот, која еден ден ќе биде изведувана во кабарета низ светот. Ќе ја испратам на својот пријател и

ќе му го дадам целото злато што го имам во банка за  да ја објави. Адресата е Месије Окшас Весан, руе Сент Хоноре 5, 75001, Париз, Франце.
Некој ѕвони на вратата. Божилак отвара тоа се: Сотон Трети и Маргарита. Божилак во раката дрижи пиштол се застрелува во слепоочницата. Лина со неговата крв на ѕидот пишува: “Смрт и за последниот. Ова е синот на Аврам, Божилак Никогов. Одмаздата е извршена!” Сотон Трети ја подига драмата, ја разгледува.

АВТОРОТ:

Последната сцена е иста како и првата. Во паркот, на клупата на која седеше Божилак,  сега седи неговиот пријател. Кој се обидува да дознае што се случило со Божилак Никогов.
Сценските работници ги поставуваат клупите од првата сцена. Владо седнува на клупата . На клупата спроти него седнува Маргарита запалува цигара и почнува да ја чита книгата- списанието. Кога Владо ќе сака да и пријде на Маргарита, му приоѓа СотонТрети

СОТОН ТРЕТИ:

Слободно ли е до вас, на вашата клупа, господине?

ТОНИ:

Требаше да го згазне на нога!
Актерите почнуваат да ги собираат своите работи, се подготвуаат да си заминат.

ЛИНА:

( На Сашо) Морам да ти признаам дека многу ми се допадна ликот на Сотон Трети.

САШО:

Тој е една специфична фигура за играње и најмалку не е едноставен како карактер.

ЛИНА:

Хмммм (Како ништо да не го разбира) Сакаш да одиме некаде да се напиеме по едно виски?

САШО:

Можам да ти објаснам како го изградив својот карактер.

ЛИНА:

Можеш да ми објаснуваш што сакаш. Само да си ја земам метлата, од дома ја донесов.

САШО:

( Се смее) Дома чистиш со метла?

ЛИНА:

Јас сум една саромодна девојка.

Сашо и Лина излегуваат фатени под рака. Владо оди по нив.

ВЛАДО:

Одам да го најдам оној залуден Актер, ќе чести по едно пиво.

Владо излегува. Тони седи на клупата пуши цигара и ги гледа како си одат. Кога сака да стане му приоаѓа Авторот.

АВТОРОТ:

Слободно ли е на вашата клупа крај жабарникот господине? ( Тони го гледа збунето) Актерче ниедно , зарем ти не сакаш да си богат, славен и да ја поседуваш секоја убава жена?

ТОНИ:

(Мислејќи дека е шега) О, да, кој не би сакал?!

АВТОРОТ:

Штом е така да го утврдиме договорот: Не лажи ме една година и дозволи да бидеш обвинет за дела што не се твои дела!

ТОНИ:

Нека ти биде.

Авторот се насмевнува задоволно со неговите зелни, ости заби и со силен блесок исчезнува. Тони запрепастен зјапа во местото на кое седеше Авторот. Ја бара драмата во торбата на Авторот, но таму нема ништо. Лина се враќа. Тони изгубено ја гледа. Лина му приоѓа почнуваат страно да се бакнуваат.